Согласно новиот Закон за основно образование, наставата по физичко и здравствено образование од прво до петто одделение ја изведуваат „тандем наставници“, односно одделенскиот наставник заедно со наставник по физичко и здравствено образование. Овој пристап обезбеди постигнување на поголеми резултати кај учениците во однос на спортското знаење, психомоторниот развој, правилниот раст и развој и допринесува за превенција и корекција на телесните деформитети, особено на ‘рбетниот столб и стапалата, што се најприсутни кај учениците.

8.8. Изборна настава

Во зависност од интересите учениците изучуваат изборни предмети, со кои ги

надградуваат, продлабочуваат и систематизираат знаењата од одредени подрачја.Учениците ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети.

Постапката за изборот на изборните предмети во училиштето се изведува согласно

Процедурата за изборни предмети. Во тековната учебна година, според резултатите од анкетите, учениците ги изучуваа следните изборни предмети:

Македонски наставен јазик		Албански наставен јазик	
Изборен предмет	одд	Изборен предмет	одд
Творештви	IV,V	Творештви	IV,V
Јазик и култура на Ромите	IV од VIII	Етика во религиите	VI
Класична култура на Европска цивил	VI	Проекти од ликовната уметност	VII,IX
Проекти од ликовната уметност	VII	Танци и ора	VIII
Вештини за живеење	VIII	Проект од информатика	VII,IX
Проекти од музичко	IX		

8.9. Дополнителна настава

Дополнителна настава според Правилникот за организација на наставата издаден

од МОН, за учениците од I до VI одделение се реализира во рамки на петте задолжителни саати или по петте задолжителни саати за индивидуален пристап на учењето. Дополнителната настава за останатите одделенија има задолжителен карактер и се изведува со цел да се подобрат резултатите кај учениците кои имаат потешкотии учењето, побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на знаењата и развивањето на способности по одредени наставни предмети. Диференцираниот пристап овозможува овие ученици да го совладаат она што го пропуштиле на што ќе се надоградат идните знаења и умеења што ќе ги добијат во наставниот процес. За организирање на дополнителната настава неопходно е целосно и континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и правилна проценка за неговите развојни особености и потреби, постигнувања, заостанувања и др. Реализацијата на дополнителната настава се заведува само во е-дневник (според новата Концепција) и во Педагошка евиденција за дополнителна настава.

8.10. Додатна настава

Додатна настава според Правилникот за организација на наставата издаден од

МОН, за учениците од I до VI одделение се планира во рамки на неделното планирање во паралелката во делот на други активности, а се реализира преку проектни и истражувачки активности, преку слободни изборни предмети за време на петте задолжителни саати престој. За останатите одделенија се организира за учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат повисоки резултати од останатите ученици и освен тоа пројавуваат и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети.

Наставникот им нуди однапред подготвена програма за додатна настава на учениците, како соодветно проширување на редовната наставна програма која ја реализира во дадено одделение за да можат самите да направат избор. Реализацијата на додатната настава се заведува во е-дневник (според новата Концепција) како и во Педагошка евиденција за додатна настава.

Исто така на додатна настава се упатуваат ученици на кои им е потребна подготовка за претстојните натпревари во текот на учебната година. Оваа настава се организира во текот на целата учебна година, паралелно со редовната настава (по редовната настава). Се одржува еден час во текот на неделата или 36 часа во текот на една учебна година.

8.11. Работа со надарени и талентирани ученици

За надарени и талентирани ученици се изработува индивидуална програма за работа во која се вклучени предметите за кои покажува талент, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Наставниците со употреба на разновидни начини и мерки за вреднување, изработуваат диференцирани наставни планови кои содржат различни наставни предмети, различен број на часови и други активности кои се одредуваат во зависност од видот на надареноста и возраста на ученикот.

8.12. Работа со ученици со посебни образовни потреби/работа на инклузивниот тим

Во училиштето се идентификувани ученици со посебни образовни потреби, кои се категоризирани од надлежна институција и имаат големи потешкотии во совладувањето на наставните содржини и во социјализацијата во средината-паралелката. Овие ученици

се инклузирани во редовната настава, па за нив посебно секој наставник во паралелката каде што се распоредени подготвува ИОП,се со цел и тие ученици да напредуваат по сопствено темпо и согласно своите можности. Во работни задачи на дефектологот, освен опсервација, следење и работа со ученици кои имаат наод и мислење од соодветна стручна институција, спаѓа и опсервација на други ученици со цел навремена детекција на одредени проблеми кај учениците, како и согледување на прилагодеността, атмосферата и климата во училницата.

Училишниот инклузивен тим согласно програмата за работа, вршеше процена на моменталното ниво на знаења и функционални способности на учениците со посебни образовни потреби, креираше педагошки профил на ученикот и во соработка со родителот според претходно изготвениот индивидуален образовен план. За учениците со ПОП се изготви долгорочен, среднорочен и краткорочен индивидуален образовен план кој е во согласност со нивните можности, способности и интереси. Инклузивниот тим оваа учебна година даде поддршка и насоки на наставниците во процесот на планирање, организација и реализација на воспитно-образовната работа со учениците со посебни образовни потреби и во текот на годината вршеше ревизија/евалуација на степенот на постигањата на целите предвидени со ИОП-от.

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА СО ДЕЦА СО ПОТЕШКОТИИ ВО УЧЕЊЕТО И СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

Откривање и евидентирање наученици со попреченост

Стручно Консултативна Работа (СКР) на стручниот работник со наставниците за

секој ученик поединечно;Изготвување на Индивидуален образовен

план за секој ученик кој има наод и мислење од соодветна стручна институција

Следење на успехот, редовноста на ученикот;Увид во инструменти за следење,

вреднување на учениците;СКР со со попреченост; СКР со родителите и одделенските раководители на учениците со попреченост;

Увид во ИОП за секој ученик.

Евидентирање на учениците со попреченост

Разговори со одделенски раководители

Формирање на тим за соработка,

Дефинирање на временски период и начини за соработка со Иднина наставници,

Родители.

8.13. Образовен медијатор

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОБРАЗОВЕН МЕДИЈАТОР

За учениците Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем, во учебната 2025/2026 година нашето училиште има ангажирано образовен ромски медијатор. Дел од обврските на медијаторот беа:

• соработка со стручно педагошката служба на основните училишта во рамки на општината во која делува за идентификување на состојбата со образованието на учениците Роми;

• соработка со родителите за нивна мотивација и поддршка за вклучување на нивните деца во образовниот процес;

• води детална евиденција за состојбата со образованието на учениците Роми по инструкциите на Министерството за образование и наука и адекватно да реагира за надминување на одредени проблеми;

• редовно комуницира со наставниците и со стручно – педагошката служба во училиштето за следење на прогресот на учениците и нивната редовност, особено на нередовните и учениците кои покажуваат низок интерес за образование;

• организира на редовни средби со родителите на учениците Роми;

• превзема активности за зголемување на опфатот на запишани деца во прво одделение на почетокот од учебната година;

• редовно соработува со стручно – педагошката служба и наставниците за подобрување на постигањата на учениците Роми, особено во јазична и нумеричка писменост;

• превзема активности за намалување на осипувањето/откажувањето од воспитно-образовниот систем на учениците Роми;

• активности за зголемување на довербата и соработката помеѓу родителите и вработените во училиштето;

• активности за зајакнување на комуникацијата меѓу учениците Роми и припадниците на другите заедници;

• активности за зголемување на учеството на родителите во активности во училиштето и во локалната заедница;

• активности за намалување на насилството и конфликтите во училиштата;

9. Воннаставни активности

Воннаставните активности играат клучна улога во развој на различните интереси и компетенции (знаења, вештини, вредности и ставови) на учениците. Основното училиште организираше воннаставни активности согласно Концепцијата за воннаставни активности, која ја утврдува министерот на предлог на Бирото за образование. Воннаставните активности се инклузивни и недискриминативни, достапни за сите ученици без разлика на полот, етничка припадност, способностите, социо-економскиот статус, здравствената состојба и училишниот успех. При планирањето, организирањето и реализирањето на воннаставните активности во училиштето, посебен акцент се става врз знаењата, вештините и вредностите/ставовите вклучени во следниве подрачја: Личен и социјален развој; Демократска култура, мултикултура и граѓанство; Уметничко изразување и култура; Претприемништво и финансиска писменост.

Учениците, според нивните интереси и потреби, се вклучуваат во воннаставни активности, кои редовната настава делумно или не ги опфаќа. Воннаставните активности им овозможуваат на учениците да изградат позитивен став спрема училиштето и ја подигаат нивната мотивација за постигнување повисок училишен успех. Во училиштата се реализираат повеќе видови задолжителни воннаставни активности кои можат да бидат краткотрајни, какви што се: акциите, излетите, екскурзиите и еднократните работилници или подолготрајни, какви што се: еколошки и спортски клубови, училишниот театар, училишниот хор и оркестар. Овие активности се реализираат и преку соработка со родителите, локалната заедница и партнерски училишта. Наставниците водат евиденција за реализација за воннаставните активности во е-дневник како и во Педагошка евиденција за воннаставните активности. Ангажираноста на учениците и нивните постигнувања се внесуваат како описни искази во Додатокот на свидетелство.

9.1. Училишни спортски клубови

Нашето училиште е активен член во Општината за училишен спорт но не и со Федерација на училишни спортови.

Ученици во нашето училиште активно беа вклучени во системот спортски натпреварувања.Училишниот спорт дополнително е битен, зашто низ системот натпревари се развива способноста за компетенција и се стекнуваат нови знаења од областа на спортот.

Конкретно, целта на училишниот спорт е преку разновидни и систематски спортски активности, во тесна релација со воспитно

образовните подрачја на предметот физичко и здравствено образование, да допринесе за интегрален (когнитивен, афективен и моторички) развој на личноста на учениците, стекнување, усовршување и примена на спортски умеења, навики.

9.2. Секции/Клубови

Според наставниот план за работа изготвен од БРО, а одобрен од МОН, слободните ученички активности се реализираат со еден час неделно по редовните часови. За учество во работата на секциите учениците се определуваат со пополнување на анкетни листи кои се задаваат во почеток на учебната година. Секој ученик, по свој личен избор, може да се одлучи да членува во една или најмногу две секции. Слободните ученички активности имаат цел да ги задоволат и негуваат индивидуалните интереси и способности на учениците, да ги развиваат самостојноста, доследноста, истрајноста, како и создавањето навики за правилно користење на слободното време. Во слободните ученички активности можат да учествуваат учениците кои имаат афинитети и интереси, без оглед на успехот во наставата. Содржините на сите видови секции и слободни ученички активности ќе се планираат и евидентираат во

одделенските дневници. Според карактерот и содржината на работата слободните ученички активности се застапени како:

- слободни активности за проширување на знаењата на учениците по одделни предмети;
- културно-уметнички активности;

- спортско-рекреативни активности;

Во слободните активности за проширување на знаењата по одделни предмети работеа следните секции: од странски јазици, млади математичари, физичари, информатичари, историчари, хемичари, библиотекари, географичари и биолози.

Во рамките на слободните културно-уметнички активности работеа секциите: литературно-рецитаторска, ритмичка, драмска, ликовна, еколошка секција.

Во слободните спортски-рекреативни активности ќе работат спортските секции: кошарка, ракомет, фудбал, одбојка, футсал, итн.

Преку слободните ученички активности се постигнуваат значајни воспитно-образовни резултати. Според новата Концепција за основно образование која слободните ученички активности и секциите се дел од редовната настава.

9.3. Акции

Во нашето училиште во текот на оваа учебна година не се реализираат (прослави, хепенинзи, хуманитарни настани,
еколошки акции сл.). Акциите се организа на одговорните наставници, учениците и локалната заедница со цел развивање
позитивен однос кон другите, негување меѓусебна почит, чувство на одговорност, развивање работни навики, истрајност во работата,
уредно и навремено завршување на задачите, развивање навики за одржување на општа хигиена во училиштето и околината,
развивање еколошка свест кај учениците, љубов кон природата, околината, природните и историските објекти и споменици.
Реализаран е хуманитарен новогодишен хепенинг по иницијатива на Ученичкиот парламент во рамки на Денови на граѓанско
образование, а во соработка со родителите. Собраните средства се наменети за лекување на ученик од општина Аеродром.
Во текот на учебната година беа организирани повеќе хуманитарни акции за донирање на парични средства за лекување на болни лица.

10. Ученичко организирање и учество

Учеството на учениците во демократските процеси во училиштето има особено општествено значење бидејќи преку него учениците учат за демократскиот начин на делување во училиштето и пошироко во заедницата.

10.1. Организирање во заедница на паралелката

Во одделенската/класната заедница во првиот месец во септември се избра претседател и заменик претседател согласно
постоечката процедура. Претседателите од IV-IX одделение се членови и на Ученичкиот парламент.Работата на одделенската/класната заедница ја води претседателот на одделението. За успешно функционирање на одделенската заедница претседателот ги извршуваше следните задачи:
-првата недела по изборот на постојаните тела претседателот го свикува првиот состанок и изготвува план за работа за учебната година со предлог активности во кои се вклучени сите членови на одделенската заедница односно сите ученици од одделението-претседателот по потреба свикуваше состанок на кој се разгледуваа

тековните потреби на учениците од одделението/класот, се разговараше за текот на спроведувањето на активностите од планот за работа.

10.2. Ученички парламент

Во текот на учебна 2025/2026 год се реализираа активности во врска со ученичката заедница, ученичкиот парламент и ученик правобранител.
Активностите се наведени во акциониот план за активности според редоследот на реализација. Активностите
се реализирани според предвидената динамика по месеци, работилници, дебати, состаноци и др.Потребни ресурси за реализација: хартија, хартија во боја, фломастери, компјутер, електронска табла, принтер, е-маил адреси,формулари за апликација.

11. Вонучилишни активности

11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, Програмата за ученички екскурзии, излети и настава во природа, во текот на оваа учебна година
беа организирани повеќе екскурзии со учениците и еднодневен есенски излет.

12. Натпревари

За учениците што покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на училишно,општинско, регионално и државно ниво, организирани од акредитирани здруженија. Ученичките натпревари играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот и претставуваат мотивирачки фактор за постигнување повисоки резултати во одредени области,придонесуваат да се зголеми интересот на учениците кон разни активности, да се развива натпреварувачкиот дух и да се зближуваат учениците од разни средини.
Натпреварите се дел од активностите на Планот и програмата за работа со талентирани и надарени ученици.Учениците учествуваа на натпревари според планот за општински, регионални, државни и меѓународни натпревари.Постигнатите резултати на учениците кои го промовираа училиштето, беа редовно истакнувани пред учениците и на средствата за јавно информирање на нашето училиште.

13. Унапредување на мултикултурализмот, интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

Директорот на училиштето има формирано тим за училишна интеграција за период од три години. При формирање на тимот за училишна интеграција, се води грижа за учество на наставници кои предаваат на двата јазика застапени во наставата во нашето училиште. Тимот за училишна интеграција планира и организира активности кои придонесуваат за почитување на мултикултурализмот, за развој на интеркултурниот дијалог/интеракција и за унапредување на меѓуетничката интеграција.
Тимот за училишна интеграција, во соработка со наставниците, задолжително изработува план за активности кои се планирани и во Годишната програма на училиштето, во насока на унапредувањето на интеркултурализмот, препознавање на сличностите,прифаќање на различностите, надминување на стереотипите и

предрасудите. Важна компонента во воспитно-образовниот процес и во целокупниот развој на индивидуата е соживот на сите етнички групи во заедницата. Имајќи ја предвид средината во која се наоѓа училиштето, како и тоа дека во рамките на училиштето припаѓаат ученици,наставници и родители Роми Македонци,Албанци, каде наставата се реализира на албански јазик и македонски наставен јазик и оваа учебна година се продолжи со реализирање на проектот за меѓуетничка интеграција во образованието на ниво на самото училиште.Целта на овој проект е да се подобрат меѓуетничките односи во образовниот систем, да се придонесе за унапредување на мултикултурализмот во образованието и да се развива почит и толеранција кон различностите, како
и размена на културните и верските вредности. Најважно е подобрувањето на меѓуетничката комуникација и надминување на етничките, културолошките и јазичните пречки. Реализирани се заеднички активности со учениците од подрачното училиште преку реализација на заеднички работилници за меѓусебно запознавање на различните култури во македонското општество.

14. Проекти што се реализираат во училиштето

Нашето училиште продолжува со веќе утврдена пракса за реализирање на проекти кои придонесуваат за подобрување на квалитетот на наставата. Во текот од оваа учебна година во училиштето се рализираа следните проекти:

14.1Унапредување на менталното здравје

Со планирањето на активности за унапредување на менталното здравје во рамките на самите училиштата, училиштето станува витален дел од системите за поддршка на учениците.Планирањето претставува креативен процес кој опфаќа низа последователни постапки, мерки и чекори со цел навремено и квалитетно воспоставување систем на континуирана грижа за унапредување на менталното здравје. Планирањето и реализацијата на активностите треба да соодветствува на условите во училиштето.

15. Поддршка на учениците15.1. Постигнувања на учениците

Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците, прави анализа и споредба на успехот и поведението на секој квартал, изработува годишен и годишен извештај, како и извештај за прво и трето тромесечие, споредбени резултати со претходните години. Училиштето прави споредби на средниот успех, поведението и изостаноците, постигањата според полот на учениците, по предмети и одделенија, етничката припадност, наставен јазик.Наставниот кадар и стручната служба во училиштето континуирано работи на имплементација на стандардите и критериумите за следење и оценување на постигањата на учениците. Наставниот кадар следењето го прави врз основа на своите индивидуални планирања. Во училиштето е донесен Правилник за пофалби и наградување ученици, согласно кој се избира ученик на генерација, се наградуваат ученици кои постигнувале континуиран одличен успех во текот на основното образование и ученици кои придонеле за афирмација на училиштето. За мотивација на учениците се врши промовирање на постигнувањата и

активностите во училиштето во јавност, на Facebook-страната на училиштето, веб-страница на училиштето, веб-страница на општината. Училиштето води грижа и за професиналната ориентација на учениците, потоа за нивниот правилен психофизички развој и благосостојба, заштита од насилство и дискриминација, како и антикорупциска едукација. Голема поддршка на учениците од најмала возраст дава и Детската организација која со својата работа има за цел да се грижи за создавање услови за сигурно и весело и безбедно детство на учениците за време на престојот во училиште и надвор од него.

15.2. Професионална ориентација на учениците

Во учебната 2025/26година во ООУ 26Јули – Скопје, со учениците беше спроведена работилница за професионална ориентација кај учениците со цел давање помош и насочување на учениците кон идно занимање.По спроведената работилница ке се спроведе во април и прашалник со учениците за испитување на професионална ориентација. Исто така, разговарано е за мрежите на средни училишта на град Скопје и дадени им се насоки за понатамошно образование. Училиштето во текот на учебната година ке има соработка со поголем број средни училишта, државни и приватни, се со цел запознавање на учениците со програмите и подрачјата на работа на средните училишта.

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилно однесување, со цел намалување на асоцијалното и насилното однесување, обезбедување сигурност и доверба меѓу учениците, зголемување на степенот на меѓусебно разбирање и толеранција, оспособување за решавање конфликтни ситуации, во кои учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности. Училишниот тим за намалување на насилното однесување на учениците прави детектирање на видовите насилно однесување во училиштето, местата каде се случуваат и презема соодветни мерки за нивно сузбивање и намалување.

Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците-жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување, како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Директорот на училиштето е должен да го пријави до надлежните институции секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител/старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице вработено во училиштето. Во соработка со родителите и релевантни институции се спроведуваат активности во училиштето во кои учествуваа родителите, учениците и наставниците, со цел да се придонесе за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците.

15.4. Детска организација

Во текот на учебната 2025/2026 година, Детската организација се грижеше за создавање услови за сигурно и весело детство на ученици за време на престојот во училиште и надвор од него. Детската организација редовно соработуваше до Одделенскиот актив и се вклучуваше во сите планирани активности кои се организираат за одбележување важни датуми, ангажирање на учениците во слободното време, поттикнување на другарството, соработката и почит. Позначајни активности во рамки на Детската организација кои се реализираа беа:

• Зачленувањето на првачињата во Детската организација преку читање на заклетвата и кратка приредба подготвена од учениците од второ до петто одделение, првата седмица од месец октомври;
• Соработка со Сојузот за грижи и воспитување на деца како и со наставниците од одделенска настава, преку кој во месец декември се реализираше и посетата на кино Милениум.

16. Оценување

16.1. Видови оценување и календар на оценување

Постигањата на учениците во основното училиште се оценуваат описно и бројчано. Во училиштето постои интерно оценување на постигнувањата на учениците согласно ЗОО. Интерното се одвива континуирано во текот на целата учебна година со анализа на состојбите во четири класификациони периоди. Оценувањето како една од најважните компоненти на наставниот процес која се користи за следење и подобрување напоучувањето и учењето, се изведуваа континуирано од првиот па се до третиот период.По предметите за писмено оценување наставниците прават план имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи). План за писмено проверување на постигањата на учениците по предмети и одделенија изготвуваат одделенските и предметните наставници и го заведуваат во дневниците.Во текот на наставно – воспитната работа наставниците го следат напредувањето на секој ученик поединечно со индивидуален пристап во работата. Од наставниците се очекува да вршат континуирано писмени проверки на знаењата на учениците каде ќе бидат имплементирани критериумите и стандардите во оценувањето.Наставниците го планираат и вршат оценувањето квартално – сумативно оценување, со примена на различни методи на сумативно оценување, а во текот на годината оценуваат формативно како би се подобрило нивото на знаењата на учениците и формативните методи се користат за сумативни цели како би се овозможило континуитет и релијабилност во оценувањето. Унапредувањето на оценувањето на учениците во училиштето се врши со посета

на разни семинари, обуки за Примена на стандардите за оценување на постигањата на учениците, семинари за сумативно и формативно оценување на учениците, а на ниво на училиште беа донесени потребни акти – Кодекс за оценување, Критериуми за оценување на ниво на училиште и поставени стандарди и критериуми по секој предмет. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и бројчано според три периоди:

Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказна постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето. Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваат со описни и бројчани оценки. На крајот од учебната 2025/26 учениците од вториот период се оценети со описни оценки. Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценети само со бројчани оценки.Секој наставник води досие за учениците кое што содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Дел од изработките на учениците се и елемент на професионалното досие на наставникот. Во професионалното досие на наставникот исто така се вклучени и планирањата и превземените активности за реализација на редовната настава и воннаставните активности.

---

* **16.2. Преглед на успехот по предмети на крајот од учебната 2025/2026 година македонски наставен јазик**

predmeti	5	%	4	%	3	%	2	%	1	%	sredna ocenka
makedonski	42	13.38	29	9.24	56	17.83	135	42.99	0	0.00	2.60
Angliski	31	9.87	47	14.97	86	27.39	118	37.58	0	0.00	2.72
germanski	8	2.55	13	6.13	33	15.57	78	36.79	0	0.00	2.01
matematika	27	8.60	26	8.28	69	21.97	133	42.36	0	0.00	2.46
likovno	61	19.43	29	9.24	75	23.89	85	27.07	0	0.00	2.81
muzicko	73	23.25	39	12.42	76	24.20	93	29.62	0	0.00	3.05
biologija	5	3.16	17	18.00	21	13.29	88	55.70	0	0.00	2.27
geografija	6	1.91	11	3.50	23	7.32	131	41.72	0	0.00	2.82
istorija	27	8.60	18	5.73	43	13.69	117	37.26	0	0.00	3.68
tehnicko/информа	7	3.14	11	4.93	18	8.07	57	25.56	0	0.00	2.24
fizicko	97	30.89	39	12.42	56	17.83	61	19.43	0	0.00	3.13
prir nauki	4	7.41	2	3.70	9	16.67	36	66.67	0	0.00	2.41
romski	26	11.66	18	8.07	45	20.18	77	34.53	0	0.00	2.33
graganska	9	5.70	10	6.33	26	16.46	98	62.03	0	0.00	2.35
fizika	11	6.96	19	12.03	30	18.99	85	53.80	0	0.00	2.58
hemija	7	4.43	13	8.23	20	12.66	105	66.46	0	0.00	2.34

SIP1	15	6.73	0	0.00	39	17.49	0	0.00	0	0.00	3.56
vestini	8	3.59	1	0.45	32	14.35	18	8.07	0	0.00	2.98
pro muz	2	5.71	8	22.86	5	14.29	20	57.14	0	0.00	2.77
klas.kul	10	15.63	0	0.00	33	51.56	20	31.25	0	0.00	2.95
isto/opste	24	68.57	15	42.86	23	65.71	36	102.86	0	0.00	3.07
inovacii	3	8.57	4	11.43	5	14.29	20	57.14	0	0.00	2.51
vkupno	464		342		757		1515		519		**2.90**

* 16.3. Преглед на успехот по предмети на крајот од учебната 2024/2025 година албански наставен јазик

Lënda Mësimore	5	%	4	%	3	%	2	%	1	%	Nota Mesatare
Gj. Shqipe	394	38.25	201	19.51	225	21.84	272	26.41	0	0.00	3.93
Gj. Maqedone	302	29.32	168	16.31	219	21.26	295	28.64	0	0.00	3.39
Anglisht	273	26.50	172	16.70	174	16.89	284	27.57	0	0.00	3.11
Gjermanisht	135	18.93	88	12.34	192	26.93	257	36.04	0	0.00	3.03
tehn-Informatikë	152	41.42	66	17.98	89	24.25	62	16.89	0	0.00	3.86
Matematikë	329	31.94	193	18.74	239	23.20	228	22.14	0	0.00	3.52
Ars. Figurativ	428	41.55	170	16.50	206	20.00	217	21.07	0	0.00	3.78
Ars.muzikor	454	44.08	150	14.56	167	16.21	230	22.33	0	0.00	3.78
Fizikë	146	27.24	76	14.18	116	21.64	156	29.10	0	0.00	3.25
Kimi	146	27.24	76	14.18	123	22.95	175	32.65	0	0.00	3.30
Biologji	66	13.02	79	15.58	105	20.71	267	52.66	0	0.00	2.99
Gjeografi	180	25.25	86	16.96	99	13.88	76	10.66	0	0.00	2.40
Histori	149	20.90	103	14.45	150	21.04	263	36.89	0	0.00	3.06
Ars. Fizik dhe Sh.	713	69.22	98	9.51	139	13.50	58	5.63	0	0.00	4.37
Edukimi qytetar	239	44.59	74	13.81	181	33.77	37	6.90	0	0.00	3.96
Arsimi Teknik	254	51.63	87	17.68	114	23.17	47	9.55	0	0.00	4.18
Histori &Shoqëri	131	41.32	80	25.24	76	23.97	29	9.15	0	0.00	3.98
Lende zgjedhore	183	32.97	85	15.32	183	32.97	96	17.30	0	0.00	3.60
inovacii	43	27.22	26	16.46	38	24.05	46	29.11	0	0.00	3.32
Shkenc.nat.	153	31.10	104	21.14	133	27.03	105	21.34	0	0.00	3.64
proekt.muzikor	30	18.99	5	3.16	28	17.72	78	49.37	0	0.00	2.70
Gjithësejt:	4717		2078		2835		0		504		3.63

* 16.4. Преглед на успехот на крајот од учебната 2025/2026 година

Среден успех на ученици по одделение	
Учениците од I- III се описно оценети	
одделение	**2025/2026крај**
IV-1	4.10
IV-2	4.66
IV-3	4.11
IV-4	4,18
IV-5	4.55
IV-6	4,12
IV-7	4.04
IV-8	3.96
IV-9	3.56
V-1	4.82
V-2	4.49
V-3	4.48
V-4	4.48
V-5	4.17
V-6	4.58
V-7	3.89
V-8	3.33
VI-1	4.37

VI-2	3.58
VI-3	3.85
VI-4	4,73
VI-5	3,93
VI-6	2.99
VI-7	3.48
Vi-8	2.77
VI-9	2.82
VII-1 одд	3.82
VII-2 одд	3,50
VII-3 одд	3,50
VII-4 одд	4.15
VII-5 одд	2.78
VII-6 одд	4.04
VII-7 одд	3.95
VII-8 одд	2,76
VII-9 одд	2,76
VII-10одд	2.71
VIII-1 одд	3,83
VIII-2 одд	3.03
VIII-3одд	4.14

VIII-4 одд	3,23
VIII-5 одд	3.71
VIII-6 одд	3.50
VIII-7одд	3.19
VIII-8одд	2,86
VIII-9одд	2.54
VIII-10одд	2.46
IX-1 одд	3,26
IX-2 одд	3,78
IX-3 одд	4.29
IX-4 одд	3.62
IX-5 одд	3.61
IX-6 одд	3.70
IX-7 одд	3.15
IX-8 одд	2,93

* **16.5. Поведение на учениците**

Во учебната 2025/2026 год. Во нашето училиште беа изречени усна и писмена опомена,укор од одд.раководител и намалено поведение на вкупно 5 ученици во предметна настава поради нередовност на часовите како и недисциплина на одморите и часовите со своите врсници или недолично однесување кон наставниците.

VIII-10	Рамиз	Бекир	Недисциплина,нередовност	Намалено поведение
VIII-10	Едије	Џемаиловска	Недисциплина,нередовност	Намалено поведение
IX-7	Џурџеман	Демир	Недисциплина,нередовност	Намалено поведение
IX-7	Нерѓузе	Демир	Недисциплина,нередовност	Намалено поведение

IX-7	Енвер	Бекир	Недисциплина,нередовност	Намалено поведение

* **16.6. Неоценети ученици**

Во учебната 2025/2026 год. Во нашето училиште 6 ученици се неоценети учениците кои не посетуваа настава а за кои неможевме да добиеме информација каде се наоѓаат.

I-8	Ениса	Куртеши	неоценет	Поради заминување во странство на почеток на учебната 25/26
I-8	Демир	Емин	Неоценет	Поради заминување во странство на почеток на учебната 25/26
III-9	Селвијан	Емин	Неоценет	Поради заминување во странство на почеток на учебната 25/26
VII-10	Омер	Хасани	неоценет	Поради заминување во странство на почеток на учебната 25/26
VI-7	Ресуљ	Сали	неоценет	Немаат сознание каде е ученикот
VI-7	Перпарим	Јонузи	неоценет	Немаат сознание каде е ученикот

* **16.Ученици кои повторуваат**

Во учебната 2025/2026 год. Во нашето училиште 7 ученици се неоценети учениците кои не посетуваа настава а за кои неможевме да добиеме информација каде се наоѓаат.

VI-8	Хадис	Мамуд	Повторува	14 недоволни
VI-8	Дехан	Красниќ	Повторува	14 недоволни
VI-9	Насер	Јусдовски	Повторува	10 недоволни
VI-9	Нерџиван	Сакип	Повторува	13 недоволни
VI-9	Џенет	Синан	Повторува	13 недоволни
VII-8	Мукадес	Иљаз	Повторува	18 недоволни
VII-8	Дамир	Шериќ	Повторува	17 недоволни

16.8. Преглед на изостаноци на крајот од учебната 2025/2026 година

Одд Вид	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	Вк.
Оправдани	125	306	984	171	548	1374	1255	645	1168	6176

Неоправдани	/	/	/	/	3	438	1346	514	1076	3377
Вкупно	125	306	984	171	551	1812	2601	1159	2244	9553

16.9. Тим за следење, анализа и поддршка

Следење, анализа и поддршка при усогласувањето на оценувањето со предвидените стандарди врши директорот, стручната служба и училишниот тим за оценување. Тимот за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди има изготвено програма за посета на часови и има обврска преку посетата на часови и изготвување на протоколи и евидентни листи да го следи имплементирањето на стандардите и критреириумите за оценување на учениците. Со стандардите и критериумите за оценување се запознаени учениците и родителите. Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката е должен да го извести родителот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие. Полугодишните оценки одделенскиот, односно раководителот на паралелката на родителите ги соопштува на родителска средба која се одржува три дена по денот на одржувањето на одделенскиот совет на кој се утврдуваат оценките, односно успехот на учениците. Во ова полугодие од учебна година се одржаа 2 редовни родителски средби на кои одделенскиот раководител ги известува родителите за постигнатите резултати на учениците за тоа тромесечие и на крајот од годината, како и неколку вонредни родителски средби. За време на родителските средби во училиштето се присутни и предметните наставници кои се подготвени да им дадат образложение на родителите за некое прашање. (Освен информирањето за постигањата (тримесечија, полугодие, крај на година) родителите добиваат редовни информации во усна или писмена форма (на индивидуални средби, писмени белешки,листи за проверка, коментари на пишани трудови на учениците и сл.).

Педагогот изготвува извештај за успехот, поведението и редовноста на учениците по одделенија, предмети, пол, етички состав и наставен јазик квартално по тромесечија, на полугодие согласно податоци добиени од одделенските раководители како и за по одделенија, пол, етички состав и наставен јазик.

Анализа на состојбите со оценувањето се прави по активи и согласно на тоа се дава поддршка за подобрување на резултатите.Оваа учебна година наставата од прво до шесто одделение се реализира според новата Концепција за основно образование, а вреднувањето на постигањата на учениците се реализира согласно Националните стандарди за основно образование.

16.10. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Директорот и заменик директорот извршија увид во начинот на планирање на годишните програми на наставниците и во реализација на наставата, преку стручни посети и следење со инструмент кој ги мери различните аспекти во наставата, во дадена временска рамка во текот на учебната година. Посебен акцент ке се стави во второто полугодие во следењето на реализирање на наставата согласно новата Концепција за образование,увид во реализацијата на воннаставните активности и друга стручно – педагошка дејност, на примена на диференцирани цели за учениците со посебни потреби, реализација на програмата по ИОП. **16.11**

Самоевалуација на училиштето

Училиштето за реализација на програмите врши самоевалуација согласно членот 146 од Законот за основно образование накрајот на секоја втора наставна година. Самоевалуацијата која опфаќа седум области ја спроведува училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и родителите која по предлог на директорот ја формира Училишниот одбор. Самоевалуацијата се спроведува во три фази:

-подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);

-фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација); **17. Безбедност во училиштето**

Училиштето има изготвено план за евакуација на учениците и вработените во случај на елементарни непогоди во кој секој од вработените има своја улога и задолженија. За поголема безбедност и ефикасност при евакуација, училиштето има изготвено скици на просториите на соодветниот спрат на кои се означени и правците за безбедно движење и најбрзо напуштање на училиштето. Во случај на елементарни непогоди (поплави, пожари, земјотреси, енормни врнежи од снег и друго) училиштето со тимот за справување од елементарни непогоди врши пробни евакуации. Училиштето е опремено со ПП-апарати и истите се поставени на видливо место. Беа поставени и ПП апарати во фискултурната сала како нов дополнителен објект пуштен во употреба на крајот од минатата учебна година. Во училиштето има прибор за прва помош во случај на повреда на ученик или вработен да се укаже прва помош.

-фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на нацрт

извештајот за Наставничкиот совет, Совет на родители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација). Во првото полугодие од учебната 2024/2025 год. нема реализирано активности за заштита и спасување од елементарни непогоди. **18. Грижа за здравјето на учениците** Училиштето води грижа за здравјето на своите ученици. Цел на програмата за унапредување на здравјето е формирање на психички, социјално и физички здрава личност, способна да се грижи за своето здравје и здравјето на другите во околината. Грижата за здравјето на учениците во училиштето е обврска на сите вработени и се води на три нивоа:

● физичко здравје кое опфаќа лична хигиена, храна и исхрана, заразни болести, сексуално-преносливи болести, безбедност и прва помош, физичка активност;

● ментално здравје кое го опфаќа самопочитувањето, почитувањето на различностите, толеранцијата и развојот на самодовербата; социјално здравје кое ја опфаќа грижата за здрава животна средина, одговорност и комуникација.Активностите посветени на грижата за здравјето на учениците се реализираа во наставата во текот на учебната година, преку предавања, презентации, работилници, брошури и разговори на часот, како и со надворешни стручни лица (соработка со Црвен крст).

18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето се одржува редовно и континуирано со чистење и дезинфицирање на сите простории во училиштето, како и на целокупниот инвентар и наставните нагледни средства, при што се користат еколошки средства за чистење и дезинфекција.За одржување на хигиената во училиштето се грижи техничкиот персонал и вработените во училиштето. Преку редовни училишни еко- акции, предавања, работилници и сл., се поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената, иницијативи за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња. Дератизација, дезинсекција и дезинфекција се врши редовно и вонредно од надлежни институции, според потребите на училиштето, како и секојдневно дезинфицирање на просториите во училиштето при редовното чистење. Ходниците, тоалетите, училниците, се чистат, дезинфицираат и одржуваат во текот на денот со средства за хигиена.

18.2. Систематски прегледи

Училиштето соработува со здравствени установи заради спроведување на здравствена заштита на учениците и вработените,спроведување на редовните систематски лекарски прегледи, согласно со закон. Училиштето задолжително го информираше родителот/старателот на ученикот за спроведувањето на

редовните систематски и стоматолошки прегледи, кои ќе бидат реализирани без да се попречува наставата и во придружба на класниот раководител. Во зависност од возраста на учениците во Поликлиниката Чаир и Амбуланта Шуто Оризари се извшија сите редовни систематски прегледи и вакцинирање на учениците предвидени за оваа учебна година. **18.3. Вакцинирање**
Програмата на училиштето за грижа на здравјето на учениците опфаќа вакцинација на учениците од I, II и IX одделение, која се реализира во здравствената установа, во придружба на класниот раководител.Училиштето задолжително го информира родителот/ старателот на ученикот за спроведувањето на вакцинациите.

18.4. Едукација за здрава исхрана.Во текот на учебната година, училиштето континуирано реализира едукација и активности за здрава храна, преку редовни наставни содржини, како и преку соработка со стручни лица во вид на предавања, работилници, презентации. Во рамките на програмата „Еко-училиште“, се реализираат активности од кампањата „Здрава храна“, со учество на учениците, родителите и наставниците. Оваа активност има за цел подигање на свеста и едукација на учениците за здрава исхрана, поттикнување на училишниот активизам, промоција и вклучување на родителите и локалната заедница. Исто така учениците од шестто одделение како изборен предмет во првото полугодие го изучуваа предметот готварство, на кој најчесто се подготвуваа рецепти од здрава храна, при што учениците континуирано развиваа свест за значењето на здравата исхрана и ризикот од прекумерната тежина.

19. Училишна клима

Сите субјекти во воспитно-образовниот процес и другите вработени континуирано се заложуваат за позитивна училишна клима.Климата во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно-образовниот процес (вработените, учениците и родителите), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот.

19.1. Дисциплина

Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти:

• Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор).

• Кодекс за однесување на учениците,

• Кодекс за однесување на родителите и

• Кодекс за однесување на наставниците во училиштето,

• Куќен ред на училиштето, Кодекс за облекување на учениците и наставниците

• Правилник за користење мобилни телефони

• Интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето.Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај напрекршување на утврдените правила. За надминување на проблемите со поведението и дисциплината, континуирано се водат разговори помеѓу ученик-ученик, ученик-наставник, ученик-стручен соработник, а по потреба и советување со родители од страна на стручните соработници, со цел подобра дисциплина и воспоставување работна атмосфера на часовите. Кон ученикот кој ги повредува правилата на воспитно-образовната работа се применуваат педагошки мерки. Истовремено со изрекување на педагошките мерки, директорот формира тим за поддршка кој ќе работи со родителот, односно старателот, ученикот, наставникот и паралелката, со цел надминување на проблемот. Начинот на изрекување на педагошките мерки го пропишува министерот, на предлог на Бирото. При изрекување на педагошките мерки, се обезбедува еднаквост и праведност во однос на сите ученици и доследно се применуваат Правилникот и Критериумите за изрекување педагошки мерки. На секој квартал од учебната година се изрекуваат и се евидентираат по потреба на учениците. Исто така, изработен е распоред на дежурни наставници во училиштето, заради одржување на дисциплината во училиштето. Дежурните наставници, како и дежурните ученици водат евиденција за тековните случувања во училишната зграда и училишниот двор. Во почетокот на второто полугодие од учебната година ке биде донесен интерен акт за Забрана за користење на мобилни телефони во училишните простории за учениците, како и Кодекс за облекување на учениците со кој се задолжуваат за задолжително носење училишна униформа која секој ученик ја добива бесплатно и е обезбедена од страна на Општина Шуто Оризари.

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во однос на естетското и функционално уредување на просторот во училиштето, сите субјекти, наставниците, учениците и родителите, ќе имаат потполно право и слобода во давањето предлози и идеи за подобрување на естетскиот изглед на училиштето. Во училиштето се води грижа за функционалното и естетско уредување и одржување на просторот, во согласност со возраста на децата. Наставниците и учениците придонесуваат за уредувањето на училиштето со свои изработки, проекти и презентации, со цел подобар изглед и функционалност, водејќи сметка за мултикултурализмот во училиштето. Наставниците и учениците се грижат за ентериерот во училниците, додека тимот за естетско уредување е одговорен за уредувањето на ходниците и влезниот простор. Сите простории во училиштето функционално ги задоволуваат потребите на учениците и

наставниците, со што се овозможува непречена реализација на наставата.

19.3. Етички кодекси и Еко кодекс

Во рамките на своето работење, училиштето има изготвено Етички кодекси за однесување на наставниците, учениците, вработените во училиштето и родителите, кои се составен дел на училишната документација и пракса. Училиштето има изготвено и Еко-кодекс, кој содржи еко-пораки за заштита и унапредување на училишната средина и поширокаta локална средина, ја дефинира целата мисија на училиштето и го претставува правилник на однесување на сите вклучени во еколошката програма. Еко-кодексот е изработен од учениците, наставниците и родителите и е видно изложен. Во сите овие активности се вклучуваат ученици-доброволци, без разлика на возраста, полот и етничката припадност.

19.4. Односи меѓу сите структури

Нашето училиште продолжува да ја негува добрата соработка и комуникација помеѓу сите структури, без разлика на возраста,верска определба, полот и работното место. За подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, училиштето постојано организира и реализира заеднички прослави, екскурзии, коктели, свеченост и друг вид на дружење со што се придонесува за попродуктивна соработка. Училиштето ќе води грижа за заемно почитување и рамноправен третман на сите субјекти, вклучува ученици во најразлични видови на активности, без разлика на полот, возраста, верата, способностите, социјалната структура и етничката припадност. Во училиштето се настојува да се дава огромно значење и на комуникацијата како важен сегмент од секојдневното живеење и работење. Секој вработен во училиштето се залага за развивање на поволна училишна клима. Училиштето постојано соработува и со родителите. И родителите како и учениците, беа активно вклучени во наставните и вон-наставните активности. Односот помеѓу сите структури во воспитно-образовниот процес секогаш е рамноправен, пријателски и има за цел да создава позитивна атмосфера. Преку својата училишна политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот, со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето остваруваат формални и неформални средби. Односите меѓу вработените и со учениците се регулирани со посебни Правила на однесување на сите структури (Куќен ред), кој редовно се ревидира пред секоја учебна година. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигање на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма. Родителите се чувствуваат добредојдени во

училиштето. Доказ за вклученоста на родителите на учениците во животот и работата на училиштето е и изборот на родители во Совет на родители на ниво на паралелка, Совет на родители на ниво на училиште и членови од Советот на родители во училишниот одбор.

20. Професионален развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот стручен развој подразбира индивидуално усовршување, усовршување спроведено од страна на училиштето ке се спроведе интерно, како и надворешно усовршување кое го врши БРО, МОН и други институции, усовршување од сопствени средства на наставниците и стручните соработници.

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

За квалитетна настава, потребно е континуирано едуцирање на наставниот кадар. Потребите и приоритетите за професионален развој на образовниот кадар произлегуваат од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот, како и од извештаите од работата на училиштето и наставниците.

Секој е должен да пријави насилство или сомнеж за насилство над ученик без разлика дали насилството се случило во училиштето, на пат до училиштето, во училишниот двор, во домот на ученикот или на кое било друго место.

Наставниците, стручните соработници и директорот се должни да го препознаат насилството. Вработените внимаваат на следните знаци, кои можат да се појават кај учениците кои се поврзани со насилство:

- На физички и физиолошки план- траги од повреди, модринки, лузни, изгореници, исекотини, искината облека, запуштен и неуреден изглед, скршени или искинати работи, проблеми со исхрана, болки во стомакот, главоболки, повраќање, скршеници, проблеми со спиењето (или претерано долго спиење)
- На емоционален план- плачливост, повлеченост, или претерана активност, раздразливост, појава на невообичаени претерани стравови, агресивно и автодеструктивно однесување,молчаливост, невообичаена говорливост, гледање во „празно“ , ноќни кошмари, консумирање алкохол /наркотици, страв да остане сам, страв од дружење со други луѓе, ноќно мокрење во кревет, лажење, грицкање нокти, нарушување во говор и др.
- Однесување во училште / дома- значајно намалување на успехот, појава на неоправдани изостаноци, исчезнување на работи (мобилен, предмети од облека, чанти/ ранци, тетратки, пари...) немање концентрација за учење, доцнење, одбегнување на одговорности, неносење на домашни работи, избегнување или неучество во редовни активности, невообичаени начини на играње (кај помалите деца), избегнување на физички допир,, силен страв од возрасни, манифестен страв од враќање дома или од одење во училиште, избегнување да се користи мобилен телефон или сличен уред или негово пречесто користење (кај кибернетско насилство) и сл.

Важно е да се обрне внимание на екстремностите, зачестеноста, времетраењето и повторувањето на поединечните симптоми.

ПРЕКИНУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО

- Зависи од видот на насилството, бројот на ученици вмешани во него и нивната возраст;
- Вработените се должни веднаш да го прекинат насилството. Запирањето на насилството е обврска на секој вработенкој ја добил информацијата за случајот или бил сведок на насилството.
- Доколку станува збор за посериозна форма на насилство (тепачка помеѓу поголем број ученици, или ако се употребува нож или друго оружје) а вработените проценуваат дека не можат сами да го сопрат, веднаш повикуваат полиција
- Доколку сторител на насилството е возрасен, без разлика дали станува збор за друг вработен во училиштето, трето лице или родител, училиштето има обврска да повика полиција или центар са социјална работа.
- Доколку сторителот е вработен во училиштето, директорот е должен да го прекине работниот однос, а до тогаш да изрече привремена мерка отстранување од работа на работникот до донесување на одлука за отказ на договорот за вработување согласно Законот за наставници и стручни соработници во основното училиште и Законот за

основно образование, прописитеод областа на вработените во јавниот сектор и општите прописи за работните односи.

- Во случаите кога вработените се сомневаат дека некој ученик е жртва на каков било вид насилство, без разлика каде се случува и без разлика кој е потенцијален сторител, вработените се должни да го информираат конакт-лицето за пријавување на насилство, по што контакт-лицето разговара со ученикот и/или со други лица кои би можеле да имаат сознанија.
- Наставниците и стручните соработници разговараат со родителите, освен во случаите кога разговорот со родителоте не е во најдобар интерес на детето (пр. кога постои сомнеж дека родителот е сторител или на друг начин е одговорен за насилството, или пак вмешувањето на родителот би можело да предизвика насилство врз ученикот. Во овие случаи секогаш е препорачливо да се повика Центарот за социјални работи.
- Доколку станува збор за насилство кое се случило во домот на ученикот или на друго место, вработените ја добиле информацијата преку видливи знаци на телото на ученикот и согласно неговото однесување, вработениоткој тоа го забележал го известува контакт – лицето за пријавување на насилство.кое во соработка со другите стручни соработници и релевантни наставници можат да разговараат со ученикот или со други лица со цел да добијат попрецезни информации. Овие случаи училиштето е должно да ги пријави во Центарот за социлајни работи.

СМИРУВАЊЕ НА СИТУАЦИЈАТА

Откако насилството е прекинато, вработените превземаат мерки за смирување на ситуацијата:

- Вработениот кој го прекинал насилството задолжително го информира и го вклучува контакт-лицето (осд стручната служба) за пријавување на насилство кое ја води оваа фаза;
- Кога станува збор за инцидент на насилство, без значајни последици, кој се случува прв пат како наведените во табела бр.1 (ПРВО НИВО), вработениот кој го прекинал насилството не е обврзан да го повика контакт-лицето за пријавување на насилството туку сам треба да ја смири ситуацијата. Во случај да процени дека не може самостојно да влијае или ситуацијата почнува повторно да ескалира, ќе го повика контакт-лицето-
- Кога станува збор за инцидент на насилство од табела бр.1, кој се повторува или за насилство од табелите 2 и 3 (второ и трето ниво), вработениот е должен да го повика контакт-лицето.
- контакт-лицето може да одлучи во оваа фаза да повика и претставници од други институции, како полиција, центар за социјална работа, Здравство или кое друго лице кое согласно експертизата и службената положба може да помогне во смирување на ситуацијата.
- Кога станува збор за случај на насилство од табела бр. 3, мора да се повикаат претставници од други институции.
- Секогаш кога повикува други институции, контакт - лицето ќе го информира директорот, освен во случаите кога поради итност мора веднаш да се повика полиција,

- Во случаите кога се вклучуваат претставници од други институции, за најголем дел од случаите е препорачливо контакт-лицето и вработените од училиштето да ги направат разговорите со училиштето.

Насоки за разговор

- Трпеливо и внимателно слушајте ги учесниците, вклучувајќи ги и сведоците,
- Насочете го вниманието на конкретните постапки и однесување
- Без осудување, согледувајте ја ситуацијата без намалување или преувеличување,
- Внимателно слушајте што ви зборуваат учениците, не само тие што трпат насилство туку и тие кои го извршиле насилството, и тие кои ги набљудувале
- Не интерпретирајте, не менувајте, не тлокувајте, не заземајте страна,
- Користете речник што ги користат и учениците кога зборуваат за насилство, злоупотреба и занемарување
- Не подразбирајте, не претпоставувајте, прашувајте, а не тврдете,
- Приверете дали точно, правилно сте разбрале што ви кажале учениците,
- Разговарајте смирено, не реагирајте шокирано, со недоверба,
- Покажете дека верувате во тоа што ученикот ви го зборува, за да го охрабрите да ви раскаже што повеќе

ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО И ПРОМЕНА НА ОДНЕСУВАЊЕТО НА СТОРИТЕЛОТ

По смирувањето на ситуацијата и добивањето информации од разговорите со сите вмешани и сведоци на ансилството, училиштето одлучува дали и кои мерки на заштита ќе се спроведат.

План за заштита на ученик от жртва и промена на однесувањ е на сторителот може да вклучува:

- Психо-социјална поддршка на жртвата од страна на училишниот психолог или други стручни соработници
- Мерки за физичко одделување на жртвата од сторителот, табела бр. 1, 2 и 3, преместување во друга паралелка
- Мерки за физичко одделување на жртвата се употребуваат само доколку е неопходно, доколку жртвата тоа го бара и доколку е во најдобар интерес ослободување од настава за одреден период, ослободување од обврски по одредени предмети и вонаставни активности, и можност за привремено учење од дома.
- Мерки за промена на однесувањето на сторителот- се применува само ако стоерителот е друг ученик или ученици. Вклучуваат психо - социјална поддршка од психолог и упатување на родителот на психоцоцијално советување на родителот во надлежната установа.
- Педагошки мерки кон сторителот- согласно Закон за оносвно образование. Се изрекува само во случаите кога мерките за промена на однесувањето не покажуваат резултати и тогаш се работи за случај на насилство од табела бр. 2 и 3
- Преместување на сторителот во друго училиште - овие мерки се користат за случаите на насилство од табела бр. 2 кои се повторуваат или случаите од табела бр. 3 и не претставува педагошка мерка, туку мерка за заштита на жртвата од насилство (во

случаи кога има голема траума за жртвата со последици врз здравјето и психо-физичкиот развојот на жртвата).

- Мерки за поддршка на набљудувачите или сведоците- контакт-лицето или друг стручен соработник или друг наставник спроведува мери за поддржување или промена на однесувањето на учениците, сведоците или набљудувачите. Овие мерки вклучуваат разговарање, објаснување на случајот и околностите, оставање простор да го покажете своите разлислувања поврзани со случајот.

Крајна цел на овие мерки е учениците да не го оправдуваат насилството и да разберат зошто ова однесување е штетно. Не смеат да се водат во присуство на ученикот жртва и ученикот сторител. Овие ученици не смеат да се осудуваат или обвинуваат ако не го пријавиле навремено, ако навивале и сл. Ако се однесува за насилство од табела 2 или 3 тогаш им се нуди психо-социјална поддршка од психологот, може да се вклучат во едукативни активности, прадавања и работилници на теми поврзани со случаи на насилство, за ненасилна комуникација и врсничка поддршка на жртви на насилство.

Сите мерки кои се однесуваат на жртвата мора да се донесат со нејзино вклучување, согласување и земање предвид на наејзините желби и потреби.

Контакт-лицето или друго вработено лице кое е од доверба на ученикот сторител, ќе разговара со сторителот за донесените мерки, резултатот што се сака да се постигне, следните чекори кои ќе се преземат и последиците со кои ќе се соочи. Ученикот сторител не треба да се обвинува, осудува, туку треба да се влијае врз промена на неговото однесување и врз факторите кои довеле до насилничкото однесување .

Родителите /старателите на жртвата и на сторителот се вклучуваат во изработка на планот за заштита на ученикот жртва и промена на однесувањето на сторителот, секогаш кога тоа нее спротивно на принципот на најдобар интерес на детето.

Доколку родителите / старателите не се соработливи и дејствуваат на штета на детето, училиштето е должно да го извести Центарот за социјална работа. Доколку истетите се однесуваат насилнички или може да дојде до насилство училиштето повикува полиција а по потреба и др. институции.

Проектот ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ,,меѓуетничка интеграција во образованието – МИО,, за учебната 2026/2027 година

Акционен план за конкретни активности за учебната 2026/2027 година за проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието

Целта на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието е интегрирање на мултикултурното учење и меѓуетничката соработка во образовниот систем, преку повеќе видови активности кои ги вклучуваат сите субјекти (ученици, наставници, родители, локална заедница). Проектот предвидува соработка помеѓу учениците, наставниците и родителите од сите етнички заедници кои живеат во Република Македонија и ќе даде можност за многу заеднички мултиетнички активности во сите вклучени општини во текот на оваа учебна година и понатаму.

Глобални активности	Очекувани резултати-продукт	(пред) услови	Реализатори	Термин од....до
Аналитичко слесење на активностите на WEB страната на ПМИО	Сознавање на новите содржински аспекти на ПМИО	Информирање на наставниците за текот на проектот (МИО)	СИТ	Септември
Професионална информираност на наставниците за МИО активности	Професионален развој, насочување на наставниците за квалитетно водење на МИО активности	Стручна презентација, соработка со партнерските училишта во контекст на МИО во образованоето	СИТ	Септември
Имплементирање самостојни мулти – културни активности	-Развивање компетенции кај учениците за МИО (промовирање на вредности за заедничко живеење и почитувањена разликите	Користење на прирачници за животни вештини и Демократско	Наставници од I – IX одд.	Во текот на учебната година

	меѓу луѓето); -Учат за сопствената и културата на другите; -Учат за соработка, толеранција, еднаквост, праведност; -Развивање вештини за решавање на конфликти.	чество		
Демократски формирана ученичка заедница (од паралелка до училиште)	Развивање на вештини на толеранција, недискриминација, соработка, еднаквост	Користење на прирачници за Демократско чество и примери на добра пракса	Наставници од I – IX одд. , стручна служба	Септември и октомври
Планирање краткотрајни виннаставни заедички активности со партнер училиштето Наум Наумовски-Борче, с.Булачани, Општина Гази Баба	Потикнување взаемна почит, сваќање на меѓусебни сличности и разлики, намалување на негативни стереотипи и предрасуди за другите, меѓусебна доверба, вештини за заедничко комуницирање	Реализирање заеднички активности преку непосреден контакт и електронска комуникација	СИТ и тимот за реализација од партнер училиште, ученици, родители	Во текот на учебната година
Вклученост на училишната заедница од партнер училиштето	Иницирање на демократска комуникација	Имплицирани заеднички активности преку електронска комуникација	СИТ	Во текот на учебната година
Следење на реализација на самостојни мулти – културни заеднички активности	Негување на демократски вредности на чивекови права, развивање вештини за решавање конфликти преку повратни информации	Средба на тимовите на кои се дискутира за реализација на активности на ниво на училиште и партнер училиште	СИТ	Во текот на учебната година
Изработка паноа со мулти – културен и мулти –	Градење на мулти – културни и мулти – етнички	Сликовен и писмен материјал,	СИТ и тимовите на реализација	Во текот на учебната

етнички карактер	вредности и различности	изложен во холот и училницата		година
Вклучување на родителите и членовите на заедницата	Промовирање и осознавање на мулти – културни и мулти – етнички концепти	Вклученост во реализацијата на учениците во МИО активности	Родители, членови на Совет на родители, членови на заедницата	Во текот на учебната година
Вклучување на Училишниот одбор во планирање и следење на МИО активности	Информирање за тековните МИО активности, активности во училиште и надвор од него	Средби на членови на Училишен одбор со тимот на училишна интеграција	СИТ , членови на Училишен одбор	Во текот на учебната година
Промоција на реализирани МИО активности	Промотивен настан на училишно ниво за МИО активности пред Управата, наставниците, родителите , претставници од заедницата	Подготвен промотивен материјал (постери, покани), поканети гости на настани	СИТ, наставник по информатика,ученици, родители, медиуми	Мај - јуни

Проектот ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ

„АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА“

Низ процесот на образование учениците треба да ги осознаат и почитуваат принципите на развиеното демократско општество, односно да развијат вештини за функционирање во демократско опкружување. Борбата против корупцијата е едно од подрачјата кое е недоволно развиено. Граѓаните не се доволно информирани или нивните знаења се нецелосни. Граѓаните и институциите на макро ниво, како и родителите и учениците на микро ниво, најчесто несвесно ја применуваат корупцијата при најобичните секојдневни активности, како дел од традиционалното однесување, неразмислувајќи за истата како појава, а уште помалку за борбата противнеа.

Временареализација:X – Vмесец

Одделение:IX одд.

рб	Содржина	Цели	Вид на активност	Активности	Време на реализација
1.	Предзнаења за корупцијата и антикорупцијата	Да се согледаат предзнаењата на учениците	Прашалник за учениците	Пополнување напрашалникот од страна на учениците	Октомври
2.	Причини и последици од корупцијата	Да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност; да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата; да го сфатат штетното	Работилница	Говорна активност, дискусија, кусо предавање	Ноември

		влијание на корупцијата во општеството			
3.	Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција	Да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност, да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата, да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата, да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството, да ја сватат улогата на Државната комисија за спречување на корупцијата во РСМ и механизмите преку кои таа делува	Предавање и вежби	Предавање, power point презентација, дискусија	Февруари
4.	Активна борба против корупцијата	Да се запознаат што значи "одолевање на социјален притисок", да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата, да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата, да го сватат штетното влијане на корупцијата во општеството	Работилница	Говорна активност, ученички театар	Април
5.	Активна борба против корупцијата: постери	Да анализираат како и каде може да се појави корупцијата и како може да се спречи истата; да се стават во ситуација во која ќе имаат активна улога, преку која ќе разберат за антикорупцијата и за потребата од едукација; да се стават во развојот на граѓанската култура во современото општество	Работилница	Изработка на постер	Мај
6.	Утврдување на знаењата за корупцијата и антикорупцијата	Да се утврдат знаењата на учениците; да се види дали учениците научиле од проектот „Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта“	Прашалник за учениците и активности за повторување	Пополнување на прашалникот	Мај

Проектот ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „ЗАЕДНИЧКА ГРИЖА ЗА ПРАВИЛНО НАСОЧУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ“

за учебната 2026/2027

Проектот„Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ е поддржан од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Целта на овој проект е јакнење на

воспитната компонента во воспитно- образовниот процес преку заеднички активности на наставниците, учениците и родителите.

Активност	Динамика
Родителот е наставник Родителите се јавуваат како наставници од областа од која се стручни со цел да им ја доближат на учениците	континуирано
Приредби Родителите може да земат учество заедно со учениците или пак со совет да помогнат за поуспешна реализација на приредбата -снимање на приредба -вклученост во организирање забава	Ден на училиштето - април декември и мај
Новогодишен и Велигденски хепенинг Заеднички изработки и продажба, а средствата би се намениле за училиштето	декември април
Посета на културни и спортски манифестации Посета на театар Посета на кино Посета на музеј Посета на МОБ Посета на планетариум Посета на спортски настани и организирање на спортски натпревари	континуирано
Организање на заеднички излети	еднаш годишно
Еко ден Заедничко уредување на дворот и засадување на садници	септември март
Отворени родителски средби Отворен ден Педагошко - психолошката служба ги запознава родителите со работата на училиштето по повод упис на првачиња	во тек на годината Секоја прва среда во месецот мај
Организирање предавања и работилници за ненасилно однесување	Според интересот
Посета на институции и организации -Собрание на Република Северна Македонија -Општина Шуто Оризари	Според интересот
Подршка на учениците за „учење од далечина“ преку соодветни платформи	Според потребите

Проект Ментално здравје

Планирање и реализација на активностите во програмата

Со планирањето на активности за унапредување на менталното здравје во рамките на самите училиштата, училиштето станува витален дел од системите за поддршка на учениците.

Планирањето претставува креативен процес кој опфаќа низа последователни постапки, мерки и чекори со цел навремено и квалитетно воспоставување систем на континуирана грижа за унапредување на менталното здравје. Планирањето и реализацијата на активностите треба да соодветствува на условите во училиштето.

Пред да се пристапи кон планирање на активностите, неопходно е да се направи анализа на состојбата во однос на менталното здравје во училиштето,

одделението/паралелката/годината/класот, поставувајќи ги следните клучни прашања: Каде сме сега?, Каде сакаме да бидеме?, Како да стигнеме до таму? и Како да го следиме и оценуваме напредокот?

Деталнатаанализанапостојнатасостојба,ќебидедобраоснова запланирањенаактивноститекоитребадасепрезематвоиднинавоодноснагоренаведените прашања.

Активностите во промотивно- превентивната програма на училиштето треба да бидат насочени кон:

- Развивање на социо – емоционални вештини;
- Практикување холистички пристап за развој на здраво и позитивно опкружување во целокупната училишна средина, вклучувајќи соработка со родителите и заедницата
- Преземање соодветни активности за учениците под зголемен ризик, зајакнување на нивните социо – емоционални вештини и намалување на ризикот од развој на ментални пореметувања или суициди.

Притоа планирањето на активностите во програмата за ментално здравје треба да биде на годишно ниво, во рамките на годишната програма за работа на училиштето со препорака активностите да бидат рамномерно распоредени во двете полугодија.

Планираните активности треба да ги вклучуваат сите чинители на воспитно образовниот процес, прекуактивности за:

- подигање на свеста кај наставниците за важноста на грижата за сопственото менталното здравје, пр. (едукативни предавања, работилници за личен раст и развој, информативни флаери, постери, акции, настани и сл.).
- информирање на наставниците во однос на постоечките програми за превенција на менталното здравје и социо-емоционален развој на учениците од страна на стручната служба, пр. (Прирачници за Образование за животни вештини за учениците од прво до деветто одделение во основното образование и за учениците од прва до четврта година средно образование, програма ДИСО, програма за Личен развој - PEACOCK - Мир преку соработка, компетенции и знаења, Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, како дел од активностите и мерките за превенција од насилство, како дел од активностите и мерките за превенција од насилство и др.).
- развој на компетенции кај наставниците, директорите и другите вработени во училиштето за одржување на добро ментално здравје во училиште – минимум четири активности во текот на учебната година реализирани од страна на стручната служба/ наставници со развиени социоемоционални компетенции, родители и/или надворешни лица експерти во областа, пр.(работилници за личен раст и развој,teambuilding и сл.).
- подигање на свеста на наставниците за важноста и улогата на менталното здравје кај учениците за подобрување на нивните академски постигања, (линк);
- промоција на менталното здравје со учениците - континуирано преку наставните програми со фокус на темите кои се од значење за развој на здрави животни навики преку користење на соодветни техники и иновативни пристапи на работа;

- ученици под зголемен ризик најмалку еднаш неделно реализирани од страна на наставници и стручни соработници;
- адаптација на учениците при премин од еден во друг образовен подсистем/период;
- подигање на свеста кај родителите за значењето на менталнотоздравје врз целокупната добросостојба на детето - четири активности во текот на учебната годината од страна на стручната служба, наставници со развиени социоемоционални компетенции, родители и надворешни лица експерти во областа, пр. (работилници, информативни флаери, брошури, едукативни блогови на веб страната на училиштето и др.);
- вмрежување на наставниците и стручната служба на локално, национално и меѓународно ниво за размена на искуства, добри практики и зајакнување на стручните компентенции;
- воведување на дневни рутини кои обезбедуваат позитивна социо – емоционална клима во училиштето (химна на училиштето, правила на однесување во секоја училница, работилници за креирање на кодекс на однесување за вработени, ученици и родители, поставување позитивни пораки во училиштето);
- афирмација на училиштето преку споделување на примери од добри практики за унапредување на менталното здравје;
- соработка со родители - вклучување на родителите во животот и работата на училиштето, пр. организирање на заеднички акции и настани со родители, наставници и ученици и сл.

Во реализација на планираните активности училиштето може да соработува со надворешни лица и институции експерти од областа.

Годишен план за спроведување на активностите

Активности	Очекувани резултати	Целна група	Носители на активноста	Место на реализација	Времена реализација	Потребни ресурси
Планирани работилници за подобрување на менталното здравје и добросостојба на учениците	-Промоција на менталното здравје со учениците - континуирано преку наставните програми со фокус на темите кои се од значење за развој на здрави животни навики - Воведување на дневни рутини кои обезбедуваат позитивна социо – емоционална клима во училиштето (химна на училиштето, правила на однесување во секоја училница,	Ученици	Актив на прво одд.	училиште	Во текот на учебната година	Ресурси согласно планираните активности

Планирани работилници за подобрување на менталното здравје и добросостојба на учениците	-Промоција на менталното здравје со учениците - континуирано преку наставните програми со фокус на темите кои се од значење за развој на здрави животни навики - Воведување на дневни рутини кои обезбедуваат позитивна социо – емоционална клима во училиштето (химна на училиштето, правила на однесување во секоја училница,	Ученици	Актив на второ одд.	училиште	Во текот на учебната година	Ресурси согласно планираните активности
Планирани работилници за подобрување на менталното здравје и добросостојба на учениците	-Промоција на менталното здравје со учениците - континуирано преку наставните програми со -Воведување на дневни рутини кои обезбедуваат позитивна социо – емоционална клима во училиштето (химна на училиштето, правила на однесување во секоја училница,	Ученици	Актив на трето одд.	училиште	Во текот на учебната година	Ресурси согласно планираните активности
Планирани работилници за подобрување на менталното здравје и добросостојба на учениците		Ученици	Актив на четврто одд.	училиште	Во текот на учебната година	Ресурси согласно планираните активности
Планирани работилници за подобрување на менталното здравје и добросостојба на учениците		Ученици	Актив на петто одд.	училиште	Во текот на учебната година	Ресурси согласно планираните активности
Планирани работилници за подобрување на менталното		Ученици	Одд. раководите	учили	Во текот на	Ресурси

здравје и добросостојба на учениците			ли на ученици во шесто одд.	ште	учебната година	согласно планираните активности
Планирани работилници за подобрување на менталното здравје и добросостојба на учениците		Ученици	Одд. раководители на ученици во седмо одд.	училиште	Во текот на учебната година	Ресурси согласно планираните активности
Планирани работилници за подобрување на менталното здравје и добросостојба на учениците	-Промоција на менталното здравје со учениците - континуирано преку наставните програми со фокус на темите кои се од значење за развој на здрави животни навики преку користење на соодветни техники и иновативни пристапи на работа;	Ученици	Одд. раководители на ученици во осмо одд.	училиште	Во текот на учебната година	Ресурси согласно планираните активности
Планирани работилници за подобрување на менталното здравје и добросостојба на учениците	-Воведување на дневни рутини кои обезбедуваат позитивна социо – емоционална клима во училиштето (химна на училиштето, правила на однесување во секоја училница, работилници за креирање на кодекс на однесување за вработени, ученици и родители, поставување позитивни пораки во училиштето);	Ученици	Одд. раководители на ученици во деветто одд.	училиште	Во текот на учебната година	Ресурси согласно планираните активности
Планирани работилници за подобрување на менталното	-Ученици под зголемен ризик најмалку еднаш	ученици	Стручни соработниц	училиште	Во текот на	Ресурси

здравје и добросостојба на учениците	неделно реализирани од страна на наставници и стручни соработници; -Адаптација на учениците при премин од еден во друг образовен подсистем/период		и(психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор наставници, родители, експерти		учебната година	согласно планираните активности
Планирани работилници за подобрување на менталното здравје и добросостојба на родителите	-Подигање на свеста	родители	Стручни соработници(психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор, наставници, родители, експерти	училиште	Во текот на учебната година	Ресурси согласно планираните активности
Планирани работилници за подобрување на менталното здравје и добросостојба на наставниците		наставници	Стручни соработници(психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор наставници, родители, експерти	училиште	Во текот на учебната година	Ресурси согласно планираните активности

Прилог 27

ПЛАН ЗА ПОДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОД

1.АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПРИОРИТЕТ**: Недоволна обученост на наставниците за работа со ученици со ПОП**

Година 2026/2027год.															
		Временска рамка													
Задача	активност	9	10	11	12	1	2	3	4	5	6	носител	ресурси	инструменти	Очекувани резултати	Одговорен
Согледување на сегашната состојба	Консултации со стручната служба	X											Следење – белешки од стручната служба	Евидентни листови за наставници	Список на наставници	Психолог
Користење на нови наставни методи и форми	Организирање на обука за користење на нови наставни методи и форми			X								Членовите од тим бр.4	Компјутер Проектор Смарт табла Хартија	Фотографии	Обучени наставниците за користење на нови наставни методи и форми	Психолог
Подобрување на пристапот во работата кон ученици со ПОП	Организирање состаноци помеѓу наставникот, родителот и дефектологот	X		X	X		X		X		X	Наставник кој има ученик со ПОП	Тетратка за евиденција Компјутер Хартија	Записници од состаноците	Наставникот, родителот и дефектологот заеднички допринесуваат за напредокот на ученикот	Психолог

2. АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПРИОРИТЕТ: **Едукација на учениците за заштита на сопственото здравје**

Година 2026/2027год.																
		Временска рамка														
Задача	активност	9	10	11	12	1	2	3	4	5	6	носител	ресурси	инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице
предавање за заштита од вируси и бактерии	Организирање на предавање за заштита од вируси и бактерии			X								Стручно лице - доктор	Компјутер Проектор Смарт табла Хартија	Фотографии Презентации	Учениците се стекнаа со знаења за заштита од вируси и бактерии	Надворешни здравствени работници
Одржување предавање од нутриционист за здрава храна	Организирање на предавање за здрава храна							X				Нутриционист , родител	Компјутер Проектор	Фотографии Презентации	стекнаа со знаења за здрава храна	

3. „ УЧИЛИШНА КЛИМА“ АКЦИОНЕН ПЛАН За ПРИОРИТЕТ: **Поттикнување на сите ученици да се вклучат во сите воннаставни активности според нивни интереси**

Година 2026/2027год.																
		Временска рамка														
Задача	активност	9	10	11	12	1	2	3	4	5	6	носител	ресурси	инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице
Согледување на сегашната состојба за вклученост на учениците во воннаставните активности.	Изработка на анкета со ученици и наставници за утврдување на вклученоста на учениците во воннаставнит	X											- хартија - компјутер - компјутерска опрема -плакати	Одговорени анкетни ливчиња	Утврдување на моменталната вклученост на учениците во воннаставните активности	Библиотекари

	е активности.														
Формирање на работна група и	Формирање на тим за утврдување на фактичката состојба. Изработка на план за формирање на нови секции. И вклученоста на учениците во истите	X	X								Сите наставници Сите ученици	- хартија - компјутер - интернет - програма на секции - распоред за работа на секции	извештај за моменталната вклученост на учениците во воннаставни активности, план за формирање на нови секции, плакати.	Формиран тим и изработен план за формирање нови секции.	
Реализација на целта	вклучување на сите ученици во воннаставните активности според нивните интереси и потреби			X	X	X	X	X	X	X	X	Сите наставници Сите ученици	- хартија - компјутер - компјутерска опрема - и други според потребата	Фотографии, дипломи, изработки	Активно учество сите ученици во воннаставните активности според нивните интереси и потреби	

Прилог 28

ПЛАН ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027

Содржина	Цел	Време на реализација	Реализатор	Ефект
Информирање на учениците со поимот и целта на професионално информирање и орентирање	Правилно сваќање и разбирање на поимите	март	Стручна служба	Успешна орјентација
Презентација за учениците од преставници на поединиучилишта за услови и критериуми за упис	Согледување на условите	март-април	педагог	Помош при одлучување
Посета на средни училишта - државни и приватни	Запознавање со условите	тековно	стручна служба	Согледување на условите
Стручно предавање за учениците и родителите„Улогата и значењето на правилниот избор на занимање”	Сваќање на важноста на и улогата при избор на идно зан.	март	психолог	Откривање на она што е најбитно при одлуката
Психотест-Писмеенсоставсоучениците „Кој сумјасишто сакамда бидам”	Размислување за себе	март	психолог	самоспознавање
Тестирање на учениците Тест за општите интеллектуални способности „ТИФИН”	Откривање на општи способности	март	психолог	Запознавање со себе
Тестирање за откривање на специфични способности „Б”-односи меѓу зборовите „С”-сметање, „М”-механички односи -	Откривање на специфични способности	април	психолог	Запознавање со специфичните
Прегледување на тестовите на посебна скала -за нормирани тестови за стандарден пример	Средување на резултатите	април	психолог	Реална состојба на ученикот
Разговори со ученици и родители во врска со уписотспоред резултатите од тестот	Запознавање со резултатите	мај	психолог	Помош и соработка

Изработка на ученичко пано- видови струки и занимања	Информираност за мре- жата на ср.учили.	мај	педагог	Информираност на сите ученици
Соработка со Заводот за Професионална орентација	Успешна реализација	март-мај	стручна служба	Успешна соработка
Соработка со Бирото за развој на образование.	Помош при избор на	Континуирано	Стручна служба	Успешна соработка
Соработка со центарот за професионален развој Советодавна работа со учениците	Правилен избор на идното занимање	Март-април	Стручна служба	Успешна соработка

Прилог 29

ПЛАН ЗА ПРОМОЦИЈА НА ДОБРОСОСТОЈБАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 Г

ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА СО УСТАНОВИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И СОЦИЈАЛНА ГРИЖА

Одговорни:

Нашето училиште како воспитно - образовна институција е во постојана соработка со установите за безбедност и социјална грижа преку реализација на некои заднички проекти, организирање на едукативни предвања и работилници за учениците.

Институција	Вид на активност	Одд	Реализатори	Време
Полициска станица	Организација на предавања на различни	I - IX	Полициски службеници инспектори	По потреба
Полициска станица	навремени интервенции и дејствувања	I - IX	Полициски службеници инспектори	По потреба
Здравствен дом	теми од областа на здравствената заштита,	I - IX	Лекари специјалисти	По потреба
Центарот за социјални работи	Навремено решавање различни видови проблеми од областа на социјалната заштита	I - IX	Стручни лица од Центарот за социјални раб	По потреба

ПРЕВЕНТИВНА ПРОГРАМА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ДИСКРИМИНАЦИЈА,ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАПУШТАЊЕ

Врз основа на идентификација, детекција, континуирано следење на учениците кои манифестираат облици на зависност и активности за надминување на злоупотребата, училиштето ќе соработува со институции кои се надлежни за работа со такви ученици во соработка со стручните соработници од самото училиште

Цели

дефинирање и утврдување на различни начини на злоупотреба;

Задачи

детекција на ученици кои злоупотребуваат различни супстанци и материи;

изнаоѓање на методи и техники за работа со еден или група на ученици кои злоупотребуваат различни супстанци и материи;

заеднички ангажман на учениците, родителите, наставниците, стручните соработници и

Употребата и злоупотребата на различни психоактивни супстанци, легални и нелегални дроги, негативно се рефлектира на севкупното живеење и функционирање – на индивидуален, професионален, семеен и социјален план, предизвикувајќи големи страдања и загуби.

Причини за изработка на оваа програма се:

Сознанието за постојаното намалување на просечната возраст на злоупотреба на недозволени дроги и возраста на започнување;

Сознанието дека болестите на зависност се водачи во светот според застапеноста, темпото на ширење, степенот на штетност по здравјето, социјалната благосостојба;

Акцентот во Превентивната програма за работа се става врз методите и формите на работа кои ќе бидат насочени кон самостојно увидување на ученикот за неговото погрешно однесување; развивање на способности, изнаоѓање методи, начини и постапки за детектирање и рано реагирање за полесно надминување на проблемот

Прилог 30

ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБАТА ВО ОЦЕНУВАЊЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 Г

ОДГОВОРЕН :Директор

Тимот за следење, анализа и поддршка е составен од стручната служба , одделенски и предметни наставници со конкретни задолженија, операционализиран план за следење / период, наставен предмет/, СВОТ анализа на состојбите со оценувањето (квартално- по тримесечија споредбено со извештаи наназад за три години),

При оценувањето се почитува транспарентноста, односно учениците и родителите редовно се информираат за постигањата – оцените.

Со цел постигнување објективност во оценувањето наставниците континуирано да даваат усна и писмена информација за нивните постигања.

За истата цел наставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што интерно се обучени.

Тимот се состои од стручна служба, одделенски наставници, предметни наставници кои секоја година ги одредува директорот на училиштето.

Родителите во текот на учебната година се информираат за добиената оценка на ученикот преку Е-дневникот и родителски средби.

Учениците се информирани за добиената оценка од предметниот наставник и од одделенскиот наставник.

После соопштената оценка ученикот заедно со родителот има право на поплака и жалба за добиената оценка доколку не е задоволен од истата. Најпрвин жалбата се доставува до класниот раководител, а потоа се проследува до тимот за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето.

Прилог 31

ПЛАН ЗА СТРУЧНИ ПОСЕТИ , СЛЕДЕЊЕ, ВРЕДНУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА РАБОТА УЧЕБНАТА 2026/2027 Г

Цел

Анализирата и проценувањето на педагошкиот квалитет на дејноста што ја остварува училиштето и резултатите што се постигнуваат и врз основа на тоа се остварува преку следење,

унапредување и вреднување на воспитно образовната работа во училиштето. Ваквата анализа се остварува преку конкретните мерки и активности за постојано осовременување и квалитетно реализирање на воспитно- образовната работа.

Задачи

во училиштето ќе се воспостави систем на постојано следење и прибирање на емпириски податоци за воспитно - образовната работа што се остварува преку наставата и низ другите подрачја во воспитно образовната дејност;

Р.бр.	активности	цел	реализатори	време	ефекти
1.	Програмазаработанадиректорот	План за реализација на активностите	директор	август	Јасна слика за текот и реализацијата на активностите
2.	Програмазаработана стручна служба	План за реализација на активностите	стручна служба	август	Тек на реализација на предвидените активности
3.	Програмизаработанастручнитеактиви	Следење на реализација на активностите	одговорни наст.	август	Размена на идеи и искуства
4.	Програми за реализација на проектите	Следење на реализација на активностите	Одговорни на проектите	тековно	Успешна реализација и примена на проектите во наставата
5.	Глобални и тематски распределенија	Квалитет на изготвување	наставен кадар	август-јуни	Објективно и реално вреднување
6.	Програмизаслободниученички активности	Следење на предвидени активности	наставен кадар	август-јуни	Поголем интерес за учество во С.У.А.
7.	Програми за одделенски час	Следње на планирани активности	одд. раководител	септември	Квалитет во реализација на активности
8.	Програмизадодатнаидополнителна	Следење на реализација на часовите	наставен кадар	септември-јуни	Подобрување на успехот по одд. предмети
9.	Водењенапедагошкаевиденција идокументација	Редовно евидентирање	директор-стручна служба	септември	Реално вреднување на работата на настаниците
10.	Програмазанаставничк	Следење на вос.образовната	директор	август	Согледување на работата на учениците и

	и иодделенски совет	работа			вработените
11.	Програмазаработасор одителите	Информирање и соработка со родителите	директор-стручна служба	август	Вклучување на родителите во вос. образ. работа

Следење и унапредување на наставата

Преку непосредното следење на наставата во училиштето ќе се врши постојан стручен увид во состојбите поврзани со прашањата:

колку се исполнуваат формалните обврски на кадарот во училиштето во поглед на планирањето и подготвувањето за настава;

кои пропусти и недостатоци севоочуваат приглобалното,тематското и дневното

планирање

каков вид на иснтруктивно советодавна помош им е потребна на одделни наставници во врска со планирањето и подготовката за наставата;

колку успешно се остварува содржинското димензионирање нанаставата поодделни наставни предмети; (посетаначасови)

каков е дидактичко методичкиот квалитет на наставните часови што ги одржуваат наставниците; (практичничасови - стручниактиви)

колку наредовните наставни часови активно се учи;

каков е квалитетот на проверувањето и оценувањето што го вршат наставниците; (аналитичкилистови)

во колкава мера се исполнуваат програмските обврски на одржување на другите облици на настава (дополнителна, додатна, факултативна, изборна и друг вид).

Проверка на средствата и форми тешто секористат за оценување на наставниците.

Вреднување на воспитно образовната дејност

Еден од условите за подигнување квалитетот на наставната практика е и вреднувањето на сето она што се програмира и реализира. За таа цел во текот на учебната година стручните соработ-ници и директорот (секој од свој аспект) ќе работи на изградување систем на прибирање податоци, нивно анализирање и со тоа и вреднување на резултатите во текот на учебната година.

:

Ред. бр..	активности	цел	реализатор	време	ефект
1.	УвидвоГодишниТематскипланирања	Увид во планирањата на наставниците	директор-психолог-педагог	септември	Успешна реализација
2.	УвидвопрограмитезаСУА	Планирање на соодветни активности	директор-психолог-педагог	септември	Успешна реализација
3.	Увидианализанадневниподготовки	Застапеност на форми, методи и срдства	директор-психолог-педагог	во текот на учебна год	Квалитетен час
4.	Увидвоодд. дневници	Правилна евиденција	директор-психолог-педагог	Септември-јуни	Редовно евидентирање
5.	Увидвоодд. дневници Матичникниги	Правилна евиденција	комисија директор	јуни август	Редовно евидентирање

Прилог 32

ПРОГРАМА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 Г

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование, од Интегрална евалуација на училиштето и Правилник за СЕУ, Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е постигната, со конкретни анализи и осврти на сите областина работење на училиштето седоби слика за квалитетот во работењето,напредокот и постигањата на училиштето, јаки, но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување.

Подрачје 1:„Наставни планови ипрограми“

Подрачје 2:„ Постигања на учениците “

Подрачје 3: „Учење и настава“

Подрачје 4 : „ Подршка на учениците“

Подрачје: „Училишна клима“

Подрачје: 6. „Ресурси“

Подрачје бр 7:„ Управување и раководењеи креирање политика “

Подрачје: 8 „Комуникации и области со јавноста“

Прилог 33

ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 Г

Планирани активности	Реализатор	Време на реализација	Цели	Методи и постапки за реализација
Донесување и усвојување на програмата	Наставнички совет	Септември	Да се запознаат наставниците и вработените како и учениците со опасностите и непогодите.	Учениците преку работилници, вежби, кабинетски и теоретски ги учат активностите од оваа тема на класните часови.
Мерки за заштита, безбедност и правилна евакуација.	Администрација	Октомври	Да се оспособат правилно за време на вонредна состојба.	Симулирање и мапирање на опасни и безбедни места.
Тестирање на знак на	Оделенски наставници	Ноември	Да умеат да распознаваат знаци на	Работа на истражувачки активности за опасни знаци.

звоно.			опасности.	
Причини и последици од пожар и заштита.	Сите наставници.	Декември	Да се запознаат учениците со опасностите од пожарите.	Работа на истражувачки активности за пожари.
Вежби за заштита од земјотреси.	Одделенски наставници.	Јануари	Да се оспособат правилно да постапат за време на земјотресите.	Работа на истражувачки активности за земјотреси.
Вежби – заштита од пожари.	пожарна служба.	Февруари	Да се оспособат учениците да ракуваат со ППА.	Активности во групи со демонстрација од стручно лице и одговорни наставници.
Вежби – активности за евакуација – предметна настава.	предметна настава.	Март	Да се оспособат учениците за правилна евакуација.	Вежби за евакуација пред, за време и по опасноста.
Вежби – активности за евакуација – одделенска настава.	Сите наставници од одделенска настава.	Април	Да се оспособат учениците за правилна евакуација.	Вежби за евакуација пред, за време и по опасноста.
Евалуација на спроведените активности.	Наставнички совет или одд. наставници.	Јуни	Да се направи анализа на спроведените активности.	Анализа на спроведените активности.

Шема за спасување е истакната во училиштето

Прилог 34

РАСПОРЕД НА ДЕЖУРНИ НАСТАВНИЦИ ВО УЧЕБНАТА 2026/2027 Г

Прилог 35

ПЛАН ЗА ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО УЧЕБНАТА 2026/2027 Г

„ РЕСУРСИ“

АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПРИОРИТЕТ **„ Потреба од повеќе простории – училници во училиштето**

Година 2026/2027 год.															
		Временска рамка													
Задача	активност	9	10	11	12	1	2	3	4	5	6	носител	ресурси	инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице
